# совет за етика во медиумите на македонија

08.07.2016г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Елида Зулбеари, за текстот со наслов "Залените новинари, кои држат "цуцли" во уста, прво да го рецензираат "Порталб", а дури потоа другите медиуми!", објавен на 16.05.2016 година, во 13 часот и 53 минути, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk)**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 13, 15 и 16.

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста."*

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 16.05.2016 година, Елида Зулбеари поднесе жалба за текстот со наслов "Залените новинари, кои држат "цуцли" во уста, прво да го рецензираат "Порталб", а дури потоа другите медиуми!", објавен на 16.05.2016 година, во 13 часот и 53 минути, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот се забележуваат елементи на говор на омраза, дека е нарушена приватноста, не е застапена втора страна и е извршена навреда и клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Журнал и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 23.06.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Елида Зулбеари и направи увид во наведениот текст.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Залените новинари, кои држат "цуцли" во уста, прво да го рецензираат "Порталб", а дури потоа другите медиуми!", објавен на 16.05.2016 година, во 13 часот и 53 минути, на Интернет порталот Журнал, прекршен е член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено

што се факти и информации, а што коментар, претпоставки или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Комисијата констатира дека е прекршен член 15 од Кодексот, според кој новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

Комисијата најде дека е прекшен и член 16, според кој новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски